Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица -пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15) Градоначалникот на Општина Струмица, објавува

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира јавна анкета и јавна презентација на ДУП за дел од блок 20 (блок1 урбана единица 1 согласно ГУП на град Струмица) во Струмица кој граничи со:

- осовина на ул.„ 24ти Октомври“
- осовина на ул.„Жртви на фашизмот“
- осовина на улица „Васил Сурчев “ и
- крак на ул. „24ти Октомври“

Одлуките за организирање на јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на општина Струмица, Сектор за урбанизам и комунални работи, ВЕБ страната на Општина Струмица , „Службен гласник на општина Струмица“ и средствата за јавно информирање.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуките за организирање на јавна анкета.

Заинтересираните граѓани и правни лица , своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. „ Ленинова“ .

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ на ден 28.11.2017 година во 13,00 часот

Општина Струмица
ГРАДОНАЧАЛНИК
Коста Јаневски

Број.09 – 6980/5
14.11.2017 год
Струмица